РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.32.НС.019.05

# НАСОКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИ ИСПОСТАВИ ЗА УВОЗНО ЦАРИНЕЊЕ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ

Мај 2018

## Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | 17.06.2014 | Прво издание | / | / |
| 02 | 08.07.2014 | Второ издание | Дополнето<br>Избришано<br>Исправка | т. 2<br>Нови точки 8,9, 13<br>Во т. 7<br>Сменета нумерација : т.8,9 и 10. |
| 03 | 14.02.2017 | Трето издание | Дополнето<br>Исправка | т.4<br>Нови точки 3 и 14<br>Сменета нумерација од т. 3 до т.15 |
| 04 | 03.01.2018 | Четврто издание | Изменето<br>Исправка<br>Избришано | Вовед, т.2, сменета нумерација т.3 до 13<br>т.4,5, 6, 7, 8, 9, 10, 12, 13<br>т.3,14 |
| 05 | 08-05-2018 | Петто издание | Дополнето<br>Изменето | Точка 11<br>Сменета нумерација точка 11, 12 и 13 |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

01.30.32.НС.019.05

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија" број 46/04, 81/05, 107/07, 103/08 ,64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15 и 23/16) и член 70 став 2 од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија" број 39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/2015, 129/2015, 154/2015, 192/2015 и 23/2016), директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе:

# НАСОКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИ ИСПОСТАВИ ЗА УВОЗНО ЦАРИНЕЊЕ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ

## I. Општи одредби

1. Со оваа насока се определуваат царинските испостави каде што може да се врши увозно царинење на нафтени деривати.

## II. Определување на царински испостави за увозно царинење на нафтени деривати

2. Царинските испостави: Куманово 2010, Скопје 2 1015, Скопје 3 1013, Слободна зона Скопје 1020, Делчево 3030, Гевгелија 4020, Битола 5010 и Струга 5060 се определуваат за увозно царинење на нафтени деривати.

3. Царинските испостави од точка 2 на оваа Насока се надлежни за увозно царинење на:
   - нафта и масла добиени од битуменозни минерали, сурови од тарифен број 2709,
   - масла добиени од нафта и масла добиени од битуменозни минерали, освен сурови; производи на друго место неспоменати или опфатени, кои содржат по маса 70% или повеќе масла од нафта или масла добиени од битуменозни минерали, ако овие масла претставуваат основни состојки на овие производи; отпадочни масла од тарифен број 2710 и
   - нафтени гасови и други гасовити јаглеводороди од тарифен број 2711.

4. Царинската испостава Скопје 4 1014 се определува за увозно царинење на стоката од точка 3 на оваа Насока во железничкиот сообраќај.

5. Царинските испостави Аеродром Скопје 1050 и Аеродром Охрид 5042 се определуваат за увозно царинење на стоката од точка 3 на оваа Насока во воздушниот сообраќај.

6. Царинската испостава Пошта Скопје 1025 се определува за увозно царинење на стоката од точка 3 на оваа Насока во поштенскиот сообраќај.

7. Ограничувањето од точките 2, 4, 5 и 6 не се применува, односно стоката од точка 3 на оваа Насока може увозно да се царини во друга царинска испостава доколку за истата се користи поедноставена постапка (освен непотполна декларација).

8. Ограничувањето од точка 3 на оваа Насока не се применува за маслата за подмачкување од тарифниот број 2710 кога се увезуваат во количина која што не е поголема од 500 килограми нето тежина.

9. Ограничувањето од точка 3 не се применува за природниот гас од тарифните ознаки 2711 11 00 00 и 2711 21 00 00.

10. Царинскиот орган каде стоката од точка 3 е декларирана за пуштање во слободен промет, спроведува контрола согласно Упатството за вршење селективни контроли во царинското работење[1] и предвидените критериуми за селективност.

11. Царинските испостави Штип 3010 и Велес 3050 се определуваат за увозно царинење на стоката од тарифните подброеви 2711 12 и 2711 13.

## III. Завршни одредби

12. Сите започнати царински постапки пред донесување на оваа Насока може да завршат во царинските испостави каде што започнале.

13. Со донесувањето на оваа Насока престанува да важи Насоката број 01-039682/14-0004 од 03.01.2018 година.

14. Оваа Насока стапува во сила со денот на донесувањето.

Директор,
Марко Танасоски

Бр. 01-039682/14-0005
Скопје, 08.05.2018 година
08 -05- 2018

Изработил: Гордана Динеска
Одобрил: Офелија Бајо
Согласен: Златко Ветеровски

[1] Упатството за вршење селективни контроли во царинското работење како интерен акт е објавено во Депозитарот на документацијата согласно Процедурата за депозитар на документацијата во Царинската управа

| | |
|---|---|
| Насоката ја подготви: | Сектор за царински систем |
| Приматели: | Директор,<br>Заменик директор,<br>Советници на директорот,<br>Помошници директори на сектори,<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за: | Интерна/екстерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за царински систем<br>Архива |